Врз основа на член 22 од Статутот на Македонската Риболовна Федерација, Управниот одбор на седницата одржана на ден 10.03.2012 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за регистрација на сопртските кубови и спортските риболовци во Р. Македонија

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат:

- условите и начинот на членување на спортско риболовните клубови, здруженијата на спортски риболовци, спортско риболовните друштва и други спортски риболовни организации, (скратено име за сите: „Риболовни здруженија и клубови", во понатамошниот текст РЗК), во Македонската рибиливна федерација (во понатамошен текст МРФ);
- услови и начин на регистрација на спортските риболовци (во понатамошниот текст натпреварувачи);
- евиденција на РЗК и натпреварувачите во регистрите;
- право на настап на натпреварувачите на натпреварите што ги организира МРФ;
- премин на натпреварувачите од едно во друго РЗК во земјата и странство и преоден рок;
- натпреварување на натпреварувачите во странски екипи;
- натпреварување на натпреварувачите - странски државјани во Република Македонија.

### II. РЕГИСТРАЦИЈА НА РЗК

**Член 2**

За зачленување во федерацијата се поднесува писмено Барање.

Кон барањето се приложува:

- Статут;
- Решение за регистрација од централен регистар;
- Решение за вршење дејност спорт, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот (Агенција за млади и спорт);
- Програма за работа;
- Календар на организирање натпревари;
- Основни податоци за контакт со РЗК (место, адреса, телефон, факс и адреса за електронска пошта);
- Основни податоци за контакт со застапникот (претседателот) и на најмалку двајца членови на Управниот одбор (во понатамошноит текст УО) на барателот (име и презиме, функција, место на живеење, адреса, телефони, електронска адреса).

**Член 3**

Здруженијата на рекреативни риболовци кои веќе се членови на МРФ, за да остварат право за учесво на натпревари во спортски риболов потребно е да ги поднесат и следните документи:

- Решение за вршење дејност спорт, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот (Агенција за млади и спорт);
- Календар на организирање натпревари.

**Член 4**

Со поднесување на барањето, РЗК се обврзува дека ќе ги почитува Статутот, Правилата и Правилниците за организирање натпревари во спортски риболов и другите нормативни акти на МРФ.

РЗК е должно, писмено да ја извести МРФ, ако настанат промени во податоците наведени во член 2 и 3.

**Член 5**

Управниот одбор на МРФ, на првата наредна седница, го разгледува поднесеното барање од страна на РЗК, и доколку ги исполнува условите, го прима во членство за што во рок од 10 (десет) дена писмено го известува.

**Член 6**

По зачленувањето на РЗК во МРФ, спортските екипи можат веднаш да се вклучат во системот на натпревари што ги организира МРФ.

**Член 7**

Сите РЗК плаќаат годишна членарина на МРФ за здружението и членовите одделно.

Висината на членарината ја одредува УО на МРФ секоја година одделно.

**Член 8**

РЗК е должно да ги запознае своите членови – натпреварувачи, со одредбите од Законот за спорт и Правилата и Правилниците за организирање натпревари во спортски риболов на МРФ.

**Член 9**

Членството на РЗК во МРФ му престанува со:

- самоволно истапување од МРФ со поднесување на писмено барање;
- со престанок на работа на РЗК по било кој основ;
- доколку РЗК постојано и покрај предупредувања делува спротивно на утврдените заеднички интереси, Законот и Статутот на МРФ;
- поради нередовно плаќање на членарина.

МРФ писмено го известува РЗК за престанокот на членството.

**Член 10**

Техничкиот секретар води матична книга на сите РЗК членки на МРФ.

Матичната книга ги содржи податоците од член 2, став 2 од овој Правилник.

## III. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

**Член 11**

Спортски риболовец, натпреварувач, за да учествува на натпревари во Р. Македонија, во било која категорија или дисциплина, мора да е регистриран член на РЗК и да поседува спортска легитимација.

За спортски риболовци, се сметаат сите учесници на натпреварот: натпреварувачи, судии, делегат, резервните натпреварувачи и капитените на екипи.

**Член 12**

Според возраста натпреварувачите се делат во следните категории:

- **кадети/ки** - до 31.12. во тековната година немаат наполнето 15 години,
- **јуниори/ки** - до 31.12. во тековната година немаат наполнето 20 години,
- **сениори/ки** - до 31.12. во тековната година полнат 20 години и повозрасни;
- **ветерани** - во годината во која се одржува натпреварот полнат 60 години и повозрасни.

**Член 13**

Сите натпреварувачи, спрема категоријата во која припаѓаат, плаќаат годишна членарина на МРФ.

Членарината се плаќа по добивањето на одлуката за регистрирање а пред изработката на спортските легитимации.

Членарината ја одредува УО на МРФ за секоја година одделно, на предлог на натпреварувачката комисија, најдоцна до 31.12. во тековната за наредната година.

Доколку натпреварувач во текот на годината има желба да настапува во категорија на натпреварувачи за кои е предвидена повисока членарина, должен е да ја уплати членарината на повисоката категорија (кадети-јуниори, јуниори-сениори, ветерани-сениори и сл.).

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РЗК И НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

**Член 14**

Правата и обврските при регистрацијата, настапот на натпреварувачите и преминот од едно РЗК во друг РЗК, се реализира врз основа на следните начела:

- натпреварувач самоволно го избира РЗК, за кое ќе се натпреварува;
- при пристапување на натпреварувач во екипа на РЗК, обврска на РЗК е да го запознае со Статутот и другите акти на РЗК и МРФ;
- односот помеѓу натпреварувачот и РЗК се регулира со меѓусебен договор евидентиран во МРФ;
- настап на натпреварувач, државјанин на Р.М. во странство и на странски натпреварувач во Р.М. се регулира со одобрение (дозвола) на МРФ.

Сите други прашања се регулирани со овој правилник, односно со соодветни општи акти на МРФ чии одредби не се во спротивност со овој правилник.

**Член 15**

Натпреварувач, што избрал РЗК каде што има желба да се натпреварува, пополнува **пристапница** и **договор** во која се наведува дека по своја волја го избрал РЗК, сака да биде регистриран за истиот, ги прифаќа нормативните акти на РЗК и МРФ и се обврзува да ги почитува, да се придржува и да ги спроведува принципите на општиот спортски кодекс.

**Член 16**

Регистрацијата на натпреварувачите ја врши натпреварувачката комисија на МРФ.

**Член 17**

Пред пријавувањето на натпреварувачите, РЗК е должно да обезбеди здравствена контрола и осигурување од повреда за сите пријавени.

**Член 18**

Секое РЗК, во преодниот рок, доставува листа на натпреварувачи кои ќе настапуваат во неговите екипи до натпреварувачката комисија на МРФ, заедно со барање и комплетна документација потребна за регистрација на секој натпреварувач одделно.

**Член 19**

По добивањето на документацијата, доколку истата е комплетна и не е спорна, натпреварувачката комисија на МРФ е должна во рок од 15 дена да донесе Одлука за регистрација на натпреварувачите.

Одлуката во писмена форма ја доставува до РЗК.

**Член 20**

Против Одлуката на натпреварувачката комисија може да се поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот, до Управен одбор на МРФ.

Одлуката на УО е конечна.

**Член 21**

РЗК, кое има желба да изврши регистрација на натпреварувачи, поднесува писмено барање до натпреваеувачката комисија на МРФ, со кое приложува:

- барање за регистрација;
- потпишана пристапница;
- потпишан договор;
- фотографија (големина за лична карта 4 х 3 см, во боја и не постара од една година);
- податоци за натпреварувачите наведени во член 22 од овој Правилник;
- исписница за согласност од РЗК во кој натпреварувачот се натпреварувал, пред потпишување на договор со РЗК на кое му пристапува (доколку се натпреварувал за друго РЗК со кое договорот не е изминат).

**Член 22**

Техничкиот секретар на МРФ води матична книга на регистрирани натпреварувачи, спрема РЗК со кое склучиле договор и категоријата во која се натпреваруваат, со следните податоци:

1) име и презиме на натпреварувачот;
2) дата и место на раѓање;
3) ЕМБГ на натпреварувачот;
4) место и адреса на живеење на натпреварувачот;
5) конкуренција (категорија) во кој се натпреварува;
6) број и датум на одлуката за регистрација;
7) времетраење на договорот.

**Член 23**

За секој регистриран натпреварувач, натпреварувачката комисија издава спортска легитимација.

Спортската легитимација е со важност од 1 (една) година, и се издава секоја година по уплатата на членарината за тековната година.

Спортската легитимација се издава најдоцна 5 (пет) дена пред почетокот на првиот натпревар во натпреварувачката сезона.

**Член 24**

Натпреварувач кој еднаш потпишал пристапница или договор за една РЗК, не може да биде регистриран за друго РЗК во истиот преоден рок, освен ако натпреварувачот и РЗК спогодбено ги повлечат и поништат пристапницата и договорот.

Во една натпреварувачка година натпреварувач може да настапи само за едно РЗК.

**Член 25**

Натпреварувач, кој ќе потпише пристапница или договор за два различни РЗК во ист преоден рок, подлегнува на дисциплинска одговорност, останува член на дотогашниот клуб и нема право на издавање или заверка на спортска легитимација за таа натпреварувачка сезона.

**Член 26**

Меѓусебните права и обврски на натпреварувач и РЗК се утврдува и регулира со договор.

Договорите кои не се евидентирани во МРФ или кои не се склучени на образецот (Договор), кој е пропишан од страна на Управниот одбор на МРФ, се неважечки и не произведуваат правна важност за МРФ.

**Член 27**

Договорот се склучува за период од 1 до 5 години.

Договорот не може да биде подолг од времето за кое натпреварувачот преоѓа од една во друга категорија.

Доколку договорот е подолг од една година, членарината се плаќа за секоја година одделно.

Договорот се прави во 4 (четири) примероци од кои 2 (два) добива ЗСР, 1 (еден) натпреварувачот и 1 (еден) МРФ.

**Член 28**

Натпреварувач може да премине од РЗК во РЗК само за време на преоден рок.

Преодниот рок трае 4 месеци, од 01. Јануари до 30. Април за натпреварувачката година.

Доколку РЗК, во период од 01. Јануари до 30. Април, организира или учествува на спортско риболовен натпревар, за тие натпревари ќе важат спортските легитимации за неговите натпреварувачи од претходната натпреварувачка година.

Со исклучок од став 2 од овој член, барање за регистрација на натпреварувачи кадети, јуниори и ветерани може да се поднесе најдоцна 10 дена пред почетокот на натпреварот.

**Член 29**

Право на премин од РЗК во РЗК има:

- натпреварувач на кого му истекол договорот, и нема желба да потпише нов договор со дотогашното РЗК;
- натпреварувач, чие РЗК се откажало од натпреварите кои ги организира МРФ (трајно или времено) или му престанало членство во МРФ согласно Член 9 од овој Правилник.
- натпреварувач кој спогодбено го раскине договорот со дотогашното РЗК.

**Член 30**

РЗК кое спогодбено го раскинало договорот со некој од натпреварувачите пред истекот на рокот, должно е да ја врати спортската легитимација до Натпреварувачката комисија на МРФ.

**Член 31**

Натпреварувач стекнува право на учество на натпревари во странство по добивање согласност од РЗК и МРФ.

**Член 32**

Секој натпреварувач, кој нема македонско државјанство, ќе се смета дека е странски натпреварувач.

Странски натпреварувач нема право на настап во македонската репрезентација.

**Член 33**

Секое РЗК има право да регистрира странски натпреварувач, и тој има право на настап по извршена регистрација во МРФ.

За странски натпреварувач се плаќа пет пати поголема членарина од годишната членарина на натпреварувачи со македонско дежавјанство.

Бројот на срански натпреварувачи во една екипа неможе да биде поголем од 50% од вкупниот број на натпреварувачи – учесници.

**Член 34**

Натпреварувач може да настапува за друго РЗК на пријателски или званични меѓународни натпревари, но само со одобрение од РЗК за кој е регистриран и добие дозвола од МРФ.

**Член 35**

Обрасците и формуларите за спортска легитимација, барањето за регистрација, исписницата, пристапницата, договорот и согласност за спогодбено раскинување на договорот, ги пропишува Управниот одбор на МРФ, и се составен дел од овој Правилник.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Сите пропишани обрасци со овој правилник, ќе се применуваат од денот на стапување во сила на овој правилник.

**Член 37**

Измени и дополнувања на овој правилник, се врши на начин и постапка како и за негово донесување.

**Член 38**

Толкување на одредбите на овој правилник дава Управниот Одбор на МРФ.

**Член 39**

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи регистрацискиот правилник на МРФ од 08.12.2007 година, како и сите договори за регистрација и регистрациските картони на натпреварувачите.

**Член 40**

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување, а се применува веднаш.

**Претседател на УО на МРФ**
**Проф. Д-р Васил Костов с.р.**

# ПРЕДНА СТРАНА

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**
**ЗА СПОРТСКИ РИБОЛОВ**

**Бр. 0000**

**Име и презиме:** ______________________

**Година на раѓање:** _________

**Категорија:** _______________

**РЗК:** ___________________________

**Важи за:** __________ **година**

# ЗАДНА СТРАНА

**Сопственикот на легитимацијата е регистриран спортски риболовец во Македонската Риболовна Федерација**

Потпис на овластено лице

М.П.

Врз основа на **ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА** на ЗСР и натпреварувачи на **МРФ,** клубот ______________________________ од _____________ и натпреварувачот _________________________________го склучуваат следниот

**Д О Г О В О Р**

склучен на ден ______________ во ______________

**Чл. 1**

Клубот _______________________________ од _____________ го склучува овој договор со натпреварувачот _______________________________роден на _____________во _____________ Л.К. бр. _____________ издадена од ____________________ и ЕМБГ ___________________ .

**Чл. 2**

Клубот е должен натпреварувачот да го запознае со нормативните акти на клубот, МРФ и ЦИПС, а истиот е должен да ги прифати и почитува, како и да се придржува на принципите на општиот спортски кодекс.

**Чл. 3**

Важност на овој договор е _____ ( _________ ) години од денот на неговото склучување.

**Чл. 4**

Овој договор има важност до _______________ година. (се пишува ден, месец и година ).
Договорот ќе престане:

- По истекот на рокот од став 1 од овој член
- Со спогодбено раскинување пред истекот на рокот од став 1 од овој член, со согласност на двете договорени страни.
- По основ на виша сила.

**Чл. 5**

Сите евентуални спорови настанати при реализирањето и применувањето на овој **ДОГОВОР** ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не се постигне согласност надлежна за решавање на спорот е Натпреварувачката комисија на МРФ.

**Чл. 6**

Против одлуката на Натпреварувачката комисија може да се поднесе жалба до **Управниот одбор на** МРФ, чија одлука е конечна.

**Чл. 7**

Овој **ДОГОВОР** е составен во 4 еднообразни примероци од кои 2 за клубот, 1 за натпреварувачот и 1 за МРФ.

____________________ год.

Потписници:

| КЛУБ | НАТПРЕВАРУВАЧ |
| --- | --- |
| ___________ | _________________ |

Врз основа на **ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА** на ЗСР и натпреварувачи на **МРФ,** клубот ______________________________ од _____________ и натпреварувачот _________________________________ го склучуваат следниот

**Д О Г О В О Р   З А   С Т Р А Н С К И   Д Р Ж А В Ј А Н И**

склучен на ден ______________ во ______________

**Чл. 1**

Клубот ________________________________ од _____________ го склучува овој договор со натпреварувачот ________________________________роден на _____________во _____________ Држава _________________________ , Пасош бр. _____________

**Чл. 2**

Клубот е должен натпреварувачот да го запознае со нормативните акти на клубот, МРФ и ЦИПС, а истиот е должен да ги прифати и почитува, како и да се придржува на принципите на општиот спортски кодекс.

**Чл. 3**

Важност на овој договор е _____ ( _________ ) години од денот на неговото склучување.

**Чл. 4**

Овој договор има важност до _______________ година. (се пишува ден, месец и година ).

Договорот ќе престане:

- По истекот на рокот од став 1 од овој член
- Со спогодбено раскинување пред истекот на рокот од став 1 од овој член, со согласност на двете договорени страни.
- По основ на виша сила.

**Чл. 5**

Сите евентуални спорови настанати при реализирањето и применувањето на овој **ДОГОВОР** ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не се постигне согласност надлежна за решавање на спорот е Натпреварувачката комисија на МРФ.

**Чл. 6**

Против одлуката на Натпреварувачката комисија може да се поднесе жалба до **Управниот одбор на** МРФ, чија одлука е конечна.

**Чл. 7**

Овој **ДОГОВОР** е составен во 4 еднообразни примероци од кои 2 за клубот, 1 за натпреварувачот и 1 за МРФ.

____________________ год.

Потписници:

КЛУБ　　　　　　　　　　　　　　　　НАТПРЕВАРУВАЧ

____________________　　　　　　　　____________________

Согласно РЕГИСТРАЦИСКИОТ ПРАВИЛНИК на МРФ, натпреварувачот _________________________________ ја дава следната

**ПРИСТАПНИЦА-ИЗЈАВА**

Јас _________________________________ од _____________, Л.К. бр. ______________ со ЕМБГ ________________ изјавувам дека по своја волја го избирам клубот _____________________________ од ______________, сакам да бидам регистриран за истиот и ги прифаќам Нормативните акти на клубот, МРФ и ЦИПС.
Се обврзувам да ги почитувам, да се придржувам и да ги спроведувам принципите на општиот спортски кодекс.

_______________год.

Натпреварувач

_____________

Врз основа на РЕГИСТРАЦИСКИОТ ПРАВИЛНИК на МРФ клубот ________________________________ од ________________ ја издава следната

**И С П И С Н И Ц А**

Натпреварувачот ________________________ со Л.К. бр. ____________ и ЕМБГ ____________________ во согласност со клубот може да потпише Договор со друг клуб по сопствен избор.

Образложение:

________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________

_____________________год.

КЛУБ

_____________________

Согласно РЕГИСТРАЦИСКИОТ ПРАВИЛНИК на МРФ, клубот ______________________________ од ______________________

поднесува

**Б А Р А Њ Е**

За регистрација на натпреварувачи за натреварувачката _________ година

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________
4. ____________________________________________
5. ____________________________________________
6. ____________________________________________
7. ____________________________________________
8. ____________________________________________
9. ____________________________________________
10. ____________________________________________
11. ____________________________________________
12. ____________________________________________
13. ____________________________________________
14. ____________________________________________
15. ____________________________________________
16. ____________________________________________
17. ____________________________________________
18. ____________________________________________
19. ____________________________________________
20. ____________________________________________

___________________ год.                                   КЛУБ

______________________